РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
СУ04 бр.115/20
24.12.2020 година
К И Ч Е В О

Врз основа на член 9 ст. 3, член 39 и член 40 од Законот за судска служба (”Сл. весник на Р.М.” бр.43/14, 33/15, 98/15, и 6/2016), а во согласност со Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (”Сл. весник на Р.М.” бр. 275/2020):

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2020**
**за унапредување на судски службеници**
**во Основен суд Кичево**

Се распишува Интерен оглас за унапредување на 2 (два) судски службеник за следните работни места:

**1. Ниво А2,** шифра СУД0101А02004, **Судски администратор -** 1 извршител;

**Посебни услови**:
Степен и вид на образование: најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен најмалку VII/1 степен **–** правен факултети и положен правосуден испит

**Работно искуство** :
Најмалку 6 (шест) години работно искуство во струката.

**Нето плата:** 40.480,00 ден.

**2. Ниво В1**, шифра СУД0101В01003, **Советник - информатичар** - 1 извршител;

**Посебни услови**:
Степен и вид на образование: најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен најмалку VII/1 степен **–** од областа на информатиката или електротехнички факултет – електроинженер

**Работно искуство** :
Најмалку 3 (три) години работно искуство во струката.

**Нето плата:** 29.905,00 ден.

**За двете работни места**

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- да е оценет со оценка „особено се истакнува“ или „се истакнува“ при последното оценување пред објавата на интерниот оглас

**Распоред на работното време:**

Дневното и неделното работно време е од 7:30 часот до 15:30 часот, од понеделник до петок.

Заинтересираните кандидати треба да поднесат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку приемната писарница на Основниот суд Кичево.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на посебните услови, можат да ги приложат и следните докази:

- потврди за успешно реализирани обуки како посетител, не постари од 5 години
- потврди за успешно реализирани обуки како обучувач, не постари од 5 години
- потврди за успешно реализирано менторство како ментор
- потврди за успешно реализирано менторство како менториран

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на интерниот оглас.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

**НАПОМЕНА:** Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО